**Н А Ц Р Т**

**З А П И С Н И К**
**од Сто четириесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 27 јануари 2026 година**

**Скопје, јануари 2026 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто четириесет и седмата (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 27 јануари 2026 година**

Седницата започна во 15:35 часот.

На седницата претседаваше Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем.

На седницата присуствуваа д-р Беким Сали, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за европски прашања, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт и членовите на Владата м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Игор Филков, министер за правда, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Азир Алиу, министер за здравство, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Горан Минчев, министер за јавна администрација, Муамет Хоџа, министер за животна средина и просторно планирање, Борко Ристовски, министер за спорт, д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и проф. д-р Николче Јанкуловски, Марјан Ристески, заменик на министерот за економија и труд и Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади.

На седницата присуствуваа и м-р Димитар Димовски, секретар за јавни политики, координација и следење на Програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата и Андреа Ѓошевска, преставник од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа проф д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд и Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади,

*

*     *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Информација за степен на реализација на проектите од Програмата за работа на Владата (2024-2028), за декември 2025 година и јануари 2026 година

2. Информација за степен на реализација на заклучоците на Владата на Република Северна Македонија за декември 2025 година и јануари 2026 година

3. Табеларни прегледи за постапување на институции, со прилози

4. Кадровски прашања

5. Прашања и предлози

*

*  *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја рагледа Информацијата за степен на реализација на проектите од Програмата за работа на Владата (2024-2028), за декември 2025 година и јануари 2026 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, во рок од 15 дена, да го достави во владина постапка Предлогот на закон за користење на енергија од обновливи извори.

2. Се задолжува Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, во рок од 30 дена, да го достави во владина постапка Предлогот на закон за геологија.

3. Се задолжува Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, во рок од 30 дена, да го достави во владина постапка Предлогот на закон за рударство.

4. Се задолжува Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, во рок од 45 дена, да го достави во владина постапка Предлогот на закон за јавно приватно партнерство.

5. Се задолжува Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, во рок од 45 дена, да го достави во владина постапка Предлогот на закон за концесии на добра од општ интерес.

6. Се задолжува Министерството за транспорт - Сектор за патен сообраќај и инфраструктура, во рок од пет дена, да го информира секретарот за јавни политики, координација и следење на програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, за текот на постапката во однос на Иницијативата за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - антимон на локалитетот „Лојане“, Општина Липково.

7. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање - Управа за животна средина - Сектор за води, во рок од пет дена, да го информира секретарот за јавни политики, координација и следење на програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, за текот на постапката во однос на Иницијативата за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - антимон на локалитетот „Лојане“, Општина Липково.

8. Се укажува на Општина Липково, во рок од пет дена, да го информира секретарот за јавни политики, координација и следење на програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија за текот на постапката во однос на Иницијативата за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - антимон на локалитетот „Лојане“, Општина Липково.

9. Се препорачува на АД МЕПСО, во рок од седум дена, до секретарот за јавни политики, координација и следење на програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република

Северна Македонија, да достави информација за планираните активности за продолжување на реализацијата на проектот „ТС Скопје 4 - ТС Велес“.

10. Се укажува на АД ЕСМ, во рок од 10 дена, да одржи координативен состанок со претставници од Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини и Министерството за финансии, во врска со регулирање на доставувањето на потврда за финансиска гаранција за покривање на трошоците за управување со отпад од минерални суровини и за санација и рекултивација на деградираните простори во Предлогот на закон за рударство и за заклучоците од состанокот, во рок од пет дена да го извести секретарот за јавни политики, координација и следење на програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

11. Се задолжува Министерството за транспорт, во рок од 10 дена, да го информира секретарот за јавни политики, координација и следење на програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, за текот на постапката по Барањето поднесено од АД ЕСМ за трајно користење на градежно неизградено земјиште за изградба на ФЕ „Осломеј 3.1“ во кругот на РЕК Осломеј со јавно приватно партнерство.

12. Се укажува на АД ЕСМ, во рок од 10 дена, да одржи координативен состанок со претставници од Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини и Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, во врска со утврдување на законски измени во Законот за енергетика (*), со цел продолжување на реализацијата на проектите за изградба на ВЕЦ Богданци II-фаза, изградба на ФЕ „Осломеј 2“ во кругот на РЕК Осломеј, изградба на ФЕ „Битола 2“ во кругот на РЕК Битола и изградба на ФЕ „Битола 3“ во кругот на РЕК Битола.

13. Се задолжува Министерството за транспорт, во рок од 10 дена, да го информира секретарот за јавни политики, координација и следење на програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, во врска со трасата на брзата пруга од Коридор 10 и влијанието врз проектот „ХЕС Вардарска Долина“.

14. Се задолжува Министерството за финансии да формира работни групи за сите проекти од Табелата со проекти кои произлегуваат од Програмата на Владата (2024-2028) и другите позначајни проекти за Министерството за кои Министерството за финансии и органите во состав се надлежни, а се со рок на реализација до декември 2026 година и до секретарот за јавни политики, координација и следење на програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, да достави информација за исполнување на оваа обврска, најдоцна до 28.2.2026 година.

15. Се задолжува Министерството за финансии да достави информација за прогресот во врска со проектот Интегриран информациски систем за управување со јавни финансии до секретарот за јавни политики, координација и следење на програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, најдоцна до 28.2.2026 година.

16. Се задолжува Управата за јавни приходи да достави функционална анализа за потребните човечки ресурси, план за реорганизација и формирање на потребните работни групи со релевантните надлежни институции, со цел навремено исполнување на проектите кои произлегуваат од Програмата на Владата (2024-2028), а се со задоцнување или со рок до декември 2026 година и за тоа да достави информација до секретарот за јавни политики, координација и следење на програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, најдоцна до 28.2.2026 година.

17. Се задолжува Министерството за економија и труд да достави функционална анализа за потребите на човечки ресурси, како и начинот на обезбедување на истите, особено во делот на правници и вработени кои ќе го спроведуваат Законот за финансиска поддршка на инивестиции, до секретарот за јавни политики, координација и следење на програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции

поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, најдоцна до 15.2.2026 година.

18. Се задолжува Министерството за европски прашања, во рок од 30 дена, да ја финализира и до Владата да ја достави предлог-одлуката за определување на институциите чии претставници се дел од работните групи за подготовка на преговарачките позиции за преговори за пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија, кои се избрани со јасно утврдени критериуми, рокови за номинации и механизам за проверка/усогласување на предлозите, за што се задолжуваат сите надлежни министерства/институции во рок од седум работни дена од приемот на барањето од страна на Министерството за европски прашања, да достават писмени одговори до Министерството за европски прашања, а за постапувањето/непостапувањето на државните институции, Министерството за европски прашања писмено да ја информира Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, најдоцна до 1.3.2026 година.

19. Се задолжува Министерството за европски прашања во координација со Министерството за финансии, во рок од 30 дена, да предложи и обезбеди решение за ангажман/финансирање на експертиза за подготовка на прирачник и обуки, со конкретен план на активности и динамика на реализација, вклучително и план за обуки за корисници на платформата за следење на Реформската агенда, која е инсталирана на серверите на Министерството за европски прашања и за преземените дејствија и статусот да ја информира Владата, најдоцна до 1.3.2026 година.

20. Се задолжува секретарот за јавни политики, координација и следење на програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, во рок од три дена, до Министерството за финансии да ја достави анализата за напредокот и апсорпцијата на средства од ИПА фондовите со мерливи индикатори и патоказ за имплементација.

21. Се задолжува Министерството за финансии, во рок од 30 дена, да подготви и до Владата да достави акциски план за постапување по анализата и за отстранување на утврдените пречки кај ИПА проектите, кој задолжително ќе содржи мерки по проект/ресор, одговорни носители и контакт-точки, конкретни обврски кои треба да бидат преземени, рокови по испораки (вклучително рок за повратен одговор на доставени анализи/мерки), индикатори за напредок и механизам за реакција при блокади/непостапување, најдоцна до 1.3.2026 година.

22. Се задолжуваат Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за транспорт, Министерството за образование и наука и Министерството за социјална политика, демографија и млади, како носители на проекти од ИПА 2 и ИПА 3 програмата, најдоцна до 31.1.2026 година, до Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и Министерството за финансии да доставаат писмен одговор за статусот на секој проект одделно што се однесува на нивниот ресор, со докази за преземени чекори, ажурирани рокови и идентификувани ризици/потреба за поддршка.

23. Се задолжуваат Министерството за европски прашања и Министерството за јавна администрација, во рок од 15 работни дена, да одржат координативен состанок за официјално преземање на проектот „ЕУ Академија" (со опфат, документација, статус, отворени прашања, одговорни лица и формат на известување) и за истото писмено да ја известат Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, најдоцна до 20.2.2026 година, со цел да не се изгуби следливоста и институционалната сопственост по преносот на надлежност.

24. Се задолжува Министерството за европски прашања, во рок од 30 дена, да достави концепт-нота за воспоставување на „ЕУ Ресурсен центар" (со дефинирани цели, целни групи, услуги, организациски модел, потребни ресурси и буџетска проекција), имајќи предвид дека се завршени внатрешните процедури за анализа и се започнати активности за подготовка на концептот и да започне и формализира официјална соработка со GIZ кој има пројавено интерес да биде донатор (со подготовка на MoU/писмо за намери/соодветна рамка) и до Владата да достави информација за статусот на договорените чекори и роковите за пилотирање на основните услуги и мерливи индикатори за постигнатите резултати, најдоцна до 15.3.2026 година.

25. Се задолжува Министерството за европски прашања, во рок од 30 дена, да воспостави систем за стручна/правна ревизија и контрола на квалитет на преводите и толкувањата (вклучително стандарди за терминологија, двостепена проверка и механизам за исправки) и да утврди KPI за квалитет, со цел обезбедување усогласеност, употребливост и конзистентност на преводите за институционални потреби и за истото писмено да ја извести Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, најдоцна до 20.2.2026 година.

Воедно, се задолжува Министерството за европски прашања да врши редовна евиденција за сите институции кои имаат обврски во рамки на Реформската агенда и/или доставуваат документи за превод (со назначени контакт-лица) согласно утврдените рокови и да ја известува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија за отстапувањата во рамки на степенот на реализација на проекти од Програмата за работа на Владата за период од 2024-2028 година, на месечна основа, најдоцна до 20 во месецот.

26. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија во соработка со Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија, Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, во рок од 30 дена, на координативен состанок да утврди стандардизиран образец (шаблон) за месечни извештаи за економска дипломатија кој задолжително ќе содржи: поделба на активности по категории (инвестиции, извоз, промоција-вмрежување), за секоја активност: цел, таргет компании/сектори, остварени контакти, договорени следни чекори, рокови, контакт - точки и доказ, минимум KPI (бр. нови случаи, бр. активни случаи, бр. поместувања по фази, бр. реализирани B2B/B2G, бр. конкретизирани извозни можности каде е применливо) и за тоа писмено да го извести претседателот на Владата на Република Северна Македонија, најдоцна до 1.3.2026 година.

27. Се задолжуваат Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија и Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, во рок од 45 дена, до Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, да достават консолидиран investment pipeline (инвеститор/сектор/пазар, статус, следен чекор, рок, одговорна институција/контакт - точка и доказ) и потоа квартално да доставуваат ажурирање на податоците за поместување по фазите со приложени докази, најдоцна до 15.3.2026 година.

28. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, најдоцна до 1.3.2026 година да ја информира Владата за:
1) Програмата за работа на Дипломатската академија за 2026 година, која задолжително ќе содржи: модули/теми, календар/динамика, целни групи, критериуми за избор и KPI за мерење на ефект (минимум: број реализирани обуки, број учесници, евалуациски оценки, применливост во работа, број/тип на партнерства и реализирани активности по партнерство).
2) Консолидиран преглед на реализирани активности во 2025 година со јасна класификација: (а) обуки во рамки на Дипломатската академија, (б) настани/конференции со едукативна компонента, (в) други активности — со број на учесници и краток опис на резултат/ефект (каде е применливо).
3) Преглед на воспоставени меѓународни партнерства, вклучително и: потпишани меморандуми за соработка и иницирани контакти преку ДКП-а (статус, контакт - лице, договорени следни чекори и рокови).
4) План за имплементација по потпишаните меморандуми со конкретни активности/обуки, носители и рокови.
5) Планираната систематизација поврзана со Дипломатската академија (динамика за усвојување, планиран состав/работни места, организациска поставеност и евентуални буџетски импликации).

29. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, во рок од седум дена, да достави инструкција до сите ДКП-а за доставување консолидиран извештај за реализирани „Конзуларни денови“ во 2025 година (или за периодот за кој има реализација), по стандарден образец, кој задолжително ќе ги содржи следните елементи:
- ДКП/локација и датум/временски интервал;
- број на граѓани и број на обработени предмети по тип на услуга;
- статус по предмет (примено/завршено/во постапка) и идентификувани тесни грла;
- организација (дали имало закажување термини, број термини, просечно време на услуга/чекање – доколку се води);
- забелешки/пофалби/проблеми и предлози од корисниците.

Врз основа на добиените податоци и извршената анализа, се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија да изготви план за одржување на „Конзуларни денови“ за 2026 година (по ДКП-а каде реално има потреба и одзив, локации и динамика) и истиот да го достави до секретарот за јавни политики, координација и следење на програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, најдоцна до 31.3.2026 година.

30. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија во соработка со Министерството за внатрешни работи, Министерството за дигитална трансформација и Министерството за правда- Управа за водење на матични книги, најдоцна до 15.3.2026 година, да ја информира Владата за статусот на обработка на предметите кои произлегуваат од конзуларните денови, идентификувани проблеми и предлог-мерки за забрзување/дигитализација каде е можно.

31. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, во рок од 30 дена, до Канцеларијата на претседателот на Владатана Република Северна Македонија, да достави оперативен пакет за активирање на програмата „Интерн.мк“, кој задолжително ќе содржи:
1) статус и временска рамка за обнова/склучување меморандуми за соработка со релевантни универзитети со приложени предлог-меморандуми (нацрт) и план за потпишување;
2) резиме од анализата на правната и процедуралната рамка, вклучително и статус на утврдените фискални/буџетски импликации;
3) капацитетен план (број на практиканти што можат да се примат, по директорат/сектор и период, вклучително и опции за ДКП/волонтерски ангажман каде е применливо);
4) протокол и временска рамка за безбедносни проверки и координација со надлежни институции (доколку се применува), како предуслов за прием;
5) финализирана програма „Интерн.мк“ (времетраење, модули/области, задачи и очекувани резултати по организациона единица);
6) план за јавен повик и селекција (критериуми, комисија/интервјуа, календар);
7) листа на назначени ментори по организациони единици.

32. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, најдоцна до 31.4.2026 година, да ја информира Владата за почеток на реализација на проектот „Интерн.мк“ со календар за селекција и прием, статусот на потпишани меморандуми, план, протокол и временска рамка.

33. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, во рок од 30 дена, да ја информира Владата за активностите кои се преземени во изминатите година и половина за дигитализација на конзуларните услуги за дијаспората, со јасен опфат на услугите кои се идентификувани, исполнување на правните, техничките и безбедносните предуслови за имплементација на мерките, меѓуинституционалната соработка и потенцијалните ризици.

34. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија во соработка со Министерството за дигитална трансформација, Министерството за внатрешни работи и Министерството за правда - Управа за водење на матични книги, во рок од 30 дена, да ја информира Владата за интеграција на е-конзулат во порталот е-услуги, имплементација на услугата закажување термин за пасош во ДКП (процес, одговорности, зависности од МВР), план за интероперабилност (кои регистри/податоци ќе се користат и за кои услуги), постапка и потребни акти/обуки за овластување на персонал во ДКП за издавање сертификати за дигитален идентитет и следни чекори кои треба да бидат преземени со прецизно утврдени рокови.

35. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија во координација со Министерството за внатрешни работи, во рок од 15 дена, до Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, да достави оперативен план/календар за набавка, испорака, инсталација и пуштање во употреба на базните и мобилните станици по дипломатско- конзуларните претставништва, кој задолжително ќе ја содржи приоритетната листа, со тип на станица (базна/мобилна), конкретни рокови по фаза (набавка → испорака → инсталација → тестирање → старт), одговорни лица/контакт-точки во надлежните институции, кратка информација за прераспределбите, евентуални оперативни проблеми за кои е потребна техничка поддршка, можни ризици/зависности во случај на

застој, предлог-заклучоци за надминување на предизвиците и за истото да ја информира Владата, најдоцна до 20.2.2026 година.

36. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија врз основа на претходно прибавени информации од страна на дипломатско-конзуларните претставништва, Министерството за внатрешни работи, Министерството за финансии- Царинска управа, Министерство за транспорт, Министерството за локална самоуправа, во рок од 90 дена, да ја информира Владата за оперативниот план за спроведување на проектот „Отворање на нови гранични премини", кој ќе содржи приоритетна листа на премини (по редослед) со кратко образложение за статус по граничен премин (билатерална фаза, правни предуслови, инфраструктурни активности, финансирање), рокови и одговорни институции, евентуални ризици/блокади/зависности и предлог-заклучоци за интензивирање на активностите, отстранување на пречките и надминување на тековните предизвици.

37. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија да воспостави механизам за следење на имплементацијата на Националната стратегија за соработка со дијаспората 2025-2030 година и еднаш годишно да ја информира Владата за степенот на реализација на предвидените активности/чекори од страна на државните институции кои се носители и доколку е потребно да предлага одредени корективни мерки или ревидирање согласно утврдената фактичка состојба.

Првиот годишен извештај да се достави најдоцна до 31.3.2027 година, за период од 1.1.2026–31.12.2026 година.

38. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, во рок од 30 дена, до Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, писмено да достави оперативна рамка за имплементација на проектот „Интензивирање на соработката со дијаспората" која ќе содржи:
(1) сегментација на целни групи (на пр. млади, професионалци, бизнис дијаспора, научна дијаспора, културни здруженија, повратници) и приоритетни земји/региони;
(2) годишен календар на активности (мапирање/средби/повици/совети) со носители и очекувани резултати;
(3) сет KPI по линии (минимум: број мапирани и верификувани субјекти, број активирани партнерства/иницијативи, број поддржани проекти, статус на договори и исплати, број реализирани средби со follow-up и конкретни исходи).
(4) стандард за грантови/повик: рокови за известување, формат на извештај, индикатори за резултат и правило за објава на консолидирани податоци (апликации/избрани/исплатени/резултати) за да се мери ефектот по земја/целна група и да се оправдаат идни буџетски корекции.

39. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, во рок од 15 дена, да изврши координација со Кабинетот на Претседателот на Република Северна Македонија, со цел јасно позиционирање на Советот за економска дипломатија (улога, опфат, однос со други советодавни тела/иницијативи) и писмено да ја извести Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија за заклучоците од координацијата, најдоцна до 15.2.2026 година.

40. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, во рок од 30 дена, да донесе внатрешен акт/одлука на министерот за Советот за економска дипломатија со структура и состав (категории членови), критериуми за членство и постапка за номинирање/именување, мандат и надлежности, секретаријат/оперативна поддршка и контакт-точка, работен модел (седници, работни групи, начин на донесување препораки), очекувани резултати и минимални обврски за известување.

За донесениот акт Министерството за надворешни работи и надворешна трговија да ја информира Владата, најдоцна до 15.3.2026 година.

41. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, најдоцна до 15.4.2026 година, да изврши конституирање на Советот за економска дипломатија (именување на членови и одржување конститутивна седница) на кој ќе се дискутира за мандатот и надлежностите, оперативната поддршка, работниот модел (седници, работни групи, начин на донесување препораки), очекувани резултати и минимални обврски за известување.

Воедно, ќе се пренесат и очекувањата од членовите на Советот за економска дипломатија за бројот на иницијативи/контакти трансформирани во конкретни чекори; број инвестициски/трговски lead-ови; број организирани B2B/форум-настани; број препораки/предлози до институциите и ќе се воспостави динамика на работа за 2026 година.

Истовремено, се задолжува  Министерството за надворешни работи и надворешна трговија за статусот и активностите, да ја информира Владата во текот на јануари секоја година, за претходната година.

42. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, во рок од 15 дена, во координација со Кабинетот на Претседателот на Република Северна Македонија, Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и релевантните државни институции (Министерството за образование и наука, ИНОВА) да спроведе координација за позиционирање на Советот за научна дипломатија со прецизно утврдување на структурата и составот, критериумите и постапката за номинирање/именување, мандатот и надлежностите, оперативната поддршка и контакт-точка, работниот модел, приоритетните тематски области на делување и очекуваните резултати и за истото да ја информира Владата, најдоцна до 28.2.2026 година.

43. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, во рок од 30 дена, да донесе внатрешен акт/одлука на министерот за Советот за научна дипломатија со листа на членови и нивни профили и годишен план за работа со мерливи индикатори (KPI), како број на иницирани/поддржани научни партнерства, број на работни средби/настани, број  на отворени иницијативи за меѓународни проекти/конзорциуми, број на препораки доставени до институциите и број случаи на трансфер на знаење/менторство.

44. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија да доставува писмен годишен извештај за работата на Советот за научна дипломатија со статус на активностите, реализирани резултати, следни чекори со рокови и одговорни носители и предложени мерки и за тоа Bottom of Form да ја информира Владата во текот на јануари секоја година, за претходната година, започнувајќи од јануари 2027 година за активностите во текот на 2026 година.

45. Се задолжува Министерството за образование и наука во координација со Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, преку дипломатско-конзуларната мрежа во приоритетните држави, да спроведе таргетирана промоција и поддршка на апликантите за мерката „Државни стипендии за најдобрите студенти“ за академската 2026/2027 година, најдоцна во рок од 15 дена од објавата на конкурсот од страна на Министерството за образование и наука, а најдоцна до 30.9.2026 година, да го информира секретарот за јавни политики, координација и следење на програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, за условите, роковите, потребната документација, постапката за избор, нострификацијата на дипломите и уписот, како и посредување во комуникацијата со кандидатите за навремено комплетирање на документацијата и почитување на процедурите и роковите.

Воедно, за спроведената промоција, дипломатско- конзуларните претставништва да достават писмен извештај до Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, најдоцна до 30.9.2026 година (искористени канали на комуникација, број на инфо-настани/објави, број на примени прашања и поддржани апликанти).

46. Се задолжува Агенцијата за иселеништво на Република Северна Македонија, врз база на претходно извршените консултации  со Министерството за образование и наука, Биро за развој на образованието и Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, најдоцна до 15.3.2026 година, да стапи во контакт со иселеничките организации за да ја претстави иницијативата за развивање на одржлив, асинхрон дигитален курс што ќе се користи повеќекратно во наредните години со минимални трошоци, со пристап кој ќе се темели на реупотреба на постојни институционални материјали и капацитети (БРО – програма; МОН – скрипти/презентации/PDF и одобрение за користење), со еднократно снимање на кратки видео-лекции (10–15 минути) и придружни PDF-лекции и самопроверки (Google Forms/Moodle) кои потоа ќе се хостираат на постоечка платформа и ќе се ажурираат само по потреба.

Изработката може да се реализира преку волонтерски ангажман на професори/наставници/лектори (вклучително од дијаспората) преку јавен повик, а како пилот да се стартува со 10–15 лекции (основна граматика и секојдневен говор) и по евалуација да се надградува со повисоки нивоа, при што наместо формален сертификат би се издавала „Потврда за следење на дигитален курс по македонски јазик“ и да го испита нивниот интерес за поддршка.

За исходот Агенцијата за иселеништво на Република Северна Македонија писмено да ја информира Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, најдоцна до 31.3.2026 година.

47. Се задолжуваат Министерството за надворешни работи и надворешна трговија и Министерството за култура и туризам, во рок од 15 дена, да одржат координативен состанок со цел примопредавање на проектот/надлежностите поврзани со отворање и операционализација на нови културно - информативни центри, при што ќе се утврди водечката улога на Министерството за култура и туризам, како носител на постапките и поднесувач на одлуките, улогата на Министерството за надворешни работи и надворешна трговија како поддршка (надворешно-политичка усогласеност и дипломатска/логистичка поддршка преку ДКП), контакт-точки и начин на меѓусебна координација, статус и следни чекори за Културно-информативниот центар Белград и за другите разгледувани локации.

За заклучоците од состанокот Министерството за култура и туризам во координација со Министерството за надворешни работи и надворешна трговија да достави писмено известување до секретарот за јавни политики, координација и следење на програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, најдоцна до 28.2.2026 година.

48. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, во рок од 60 дена, писмено да ја информира Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија за прелиминарните анализи од извршените ревизии и клучни наоди по ДКП/регион (кадар, услуги, инфраструктура, безбедност, финансии, резултати) со препораки за рационализација/оптимизација, зајакнување/доекипирање, нерезидентно покривање (модел), техничко опремување/дигитализација, инфраструктурни инвестиции/реконструкции, приоритетна листа на интервенции (топ 10) со образложение и очекуван ефект.

Во рамки на консолидираниот писмен документ кој ќе биде доставен до Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и планот, да дефинира и предложи стандардизирани критериуми за отворање/затворање/реорганизација на ДКП, воведување или проширување на нерезидентно покривање (од амбасади во странство и/или од Министерството за надворешни работи и надворешна трговија), минимални кадровски и технички стандарди по тип на ДКП (амбасада/ГК/канцеларија), како и следни чекори со рокови и евентуални ризици/блокади.

49. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, во координација со Министерството за внатрешни работи, во рок од 30 дена, да одржи координативна средба за да се прецизираат институциите кои се сопственици на податоци во постојниот систем за евидентирање на дипломатски и службени пасоши, за правните и техничките предуслови за пристап и размена на податоци.

Воедно, се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, во рок од 30 дена од одржување на координативна средба со Министерството за внатрешни работи, да изработи техничко - процесна спецификација, која ќе содржи опфат и процесни чекори, матрица на улоги и овластувања, логови и трага на промени, безбедносни мерки (автентикација, енкрипција, сегрегација на пристап, backup/DR), интеграции (доколку се потребни) и минимални стандарди за инфраструктура, предлог за пилот (MVP) со временска рамка и критериуми за успешност, како и буџетска пресметка со јасно наведени ставки (развој, хостирање, безбедносни тестови, одржување), со цел буџетирањето да биде директно поврзано со дефинираните функционални и безбедносни барања.

Со техничко-процесна спецификација и буџетска пресметка да стапи во контакт со потенцијални донатори за да ја испита можноста за финансиска поддршка за реализација на проектот за дигитализација на процесот на евидентирање на дипломатски и службени пасоши, а за исходот писмено да ја извести

Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, најдоцна до 20.4.2026 година.

50. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, во рок од 60 дена, да подготви годишен извештај за 2025 година, со кој ќе ја информира Владата за напредокот во реконструкција на ДКП-ата по објекти според проектните фази, реализирани активности и финансиска реализација, како и да достави оперативен програмски план за реконструкција на ДКП (2026–2028), кој ќе содржи приоритетна листа на објекти по години (2026/2027/2028) со образложение, проектен календар по објект (фази и рокови), проценет буџет по објект и по година и предлог-извори на финансирање, клучни правни/процедурални и финансиски ризици, како и да предложи заклучоци поврзани со сукцесиските објекти, набавките и роковите и за истото да ја информира Владата, најдоцна до 30.4.2026 година.

51. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, во рок од 90 дена, да подготви консолидиран тригодишен програмски план за реконструкција на ДКП за 2026–2028, кој ќе содржи приоритетна листа на објекти (со критериуми за приоритет: безбедност, функционалност, конзуларен обем, состојба на објектот, ризици), проектен календар по објект (фази со рокови: проектирање/набавки/изведба/примопредавање), финансиска рамка по години и по објект (извори и претпоставки) и за истото да ја информира Владата, најдоцна до 30.4.2026 година.

52. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, во рок од 60 дена, да донесе јасна стратешка одлука за пристапот кон осовременување на Националниот визен информатички систем (надградба на постојниот систем или целосна изработка на нов систем) и да подготви консолидиран техничко-процесен план, кој ќе ги опфати дефинираните функционални и безбедносни барања, проектен календар со критичен пат и меѓурокови, финансиска рамка и модел на имплементација.

Воедно, се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, во рок од 90 дена, да оствари контакт со Делегацијата на Европската Унија во Република Северна Македонија, останатите дипломатско-конзуларни претставништва на странски држави во нашата земја, како и меѓународни организации и странски мисии со седиште во Република Северна Македонија и да разговара за можноста од финансиска поддршка за реализација на проектот.

За исходот од одржаните средби, одржаните презентации и можностите за финансирање на овој проект писмено да ја информира Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, најдоцна до 20.5.2026 година.

53. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, во рок од 30 дена, да ја информира Владата за консолидираната проектна карта за НВИС, која ќе содржи јасен избор на опција (надградба на постојниот систем или целосно нов систем) со образложение, прецизиран опфат (модули/функционалности), прецизирана проценка на трошоци и усогласување на финансиската рамка (денари/евра) со образложение на разликите, предложени извори на финансирање и динамика по години (2025–2027), проектен календар и рокови, како и план за активности за 2026 година согласно одобрените буџетски средства.

54. Се задолжуваат Министерството за економија и труд и Министерството за надворешни работи и надворешна трговија во координација со Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија, Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и стопанските комори, во рок од 30 дена, до Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија да достават годишен план за 2026 година за поддршка на извозно ориентирани компании, кој ќе содржи приоритетни сектори/производи и образложение (во согласност со Стратегијата за промоција на извоз 2024–2027 и мапирањето на извозните потенцијали), приоритетни пазари/земји, календар на саеми, мисии, промотивни настани и B2B активности (со носител по активност), критериуми за избор на компании и очекуван број учесници по активност, планиран буџет и извор на финансирање по активност.

55. Се задолжува Министерството за економија и труд при спроведување на повици/мерки за кофинансирање учество на компании на меѓународни саеми/настани и други извозно-промотивни активности, да воспостави стандардна матрица за резултати за сите корисници, која ќе вклучува број на B2B средби/контакти, доставени понуди, следни чекори и исход (договор/нарачка) каде е применливо и

да обезбеди извештај од корисникот, најдоцна 15 дена по завршување на настанот и follow-up извештај по истек на три месеци од настанот, при што Министерството на годишно ниво до Владата ќе доставува информација со консолидирани прегледи, а првата информација со консолидирани прегледи да го достави најдоцна до 31.1.2027 година, за претходната 2026 година.

56. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, преку ДКП-мрежата и надлежните организациони единици, да воспостави единствен краток шаблон за известување за извозно-промотивни активности реализирани преку ДКП (промоции, B2B средби, посредување со компании) со индикатори како број на активности, број на опфатени компании, клучни контакти/партнери и статус на следни чекори и на годишно ниво да ја информира Владата, а првата информација да ја достави најдоцна до 31.1.2027 година, за претходната 2026 година.

57. Се задолжуваат Министерството за економија и труд и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во координација со стопанските комори и релевантните асоцијации да воспостават координиран календар за агро-прехранбени саеми/настани со највисок извозен импакт и каде што е потребно, да предвидат мерки за техничка поддршка (стандардизација/сертификација/усогласеност со барања на пазари), како предуслов за извоз и за истото да ја информираат Владата, најдоцна до 31.3.2026 година.

58. Се задолжуваат Министерството за економија и труд и Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија во координација со стопанските комори и донаторските програми да изготват план за операционализација и користење на дигиталните алатки за извоз (вклучително EASY EXPORT/директориумот), како поддршка за промоција и B2B поврзување со KPI, во кој ќе биде вклучен број на регистрирани компании, број на активни профили, број на B2B поврзувања/побарувања и број на промотивни активности по пазар и да ја информираат Владата, најдоцна до 30.6.2026 година.

59. Се задолжуваат Министерството за економија и труд и Министерството за надворешни работи и надворешна трговија да достават консолидиран писмен извештај за претходните две години, до Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, најдоцна до 30.6.2026 година, кој ќе содржи реализирани активности по пазари/сектори, број на опфатени компании, клучни резултати (контакти/понуди/договори каде е применливо), искористен буџет и препораки за следниот квартал, вклучително и проценка на буџетски потреби за 2027 година.

60. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, во координација со Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија, Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, во рок од 15 дена, да одржи координативен состанок (со записник) и во рок од дополнителни 30 дена писмено да достави до Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија усогласен план за активности за 2026 година за привлекување странски директни инвестиции, кој задолжително ќе содржи:

- јасна одлука за форматот (Стратегија 2025–2035, Акциски план за НРС 2024–2044 – Инвестициска мапа) со кратко образложение,
- конкретен опфат и приоритети за 2026 (таргет-сектори/пазари и 3–5 клучни мерки/инструменти),
- распределба на улоги и одговорности (носител/коносители и контакт-точки), вклучително и како ќе се користи Инвестициската мапа и како ќе се вгради придонесот на GET/UNDP,
- календар со рокови за 2026 (за консултации, финализација/усвојување – каде е применливо),
- финансиска рамка/извори (буџет/донаторска поддршка) за активностите во 2026 и
- модел за следење и известување (минимум KPI и периодичност на статус-извештаите).

61. Се задолжуваат Министерството за надворешни работи и надворешна трговија во соработка со Министерството за економија и труд, во рок од 45 дена, да ја информира Владата и да достават предлог приоритетна листа за 2026 година за водење/продолжување на билатерални процеси за трговски и поврзани економски инструменти, врз основа на консолидираната преговарачка мапа. Предлог-листата да опфати 3–5 приоритети (партнери и конкретен инструмент по партнер) и за секој приоритет да содржи:
(а) кратка ex-ante проценка (извозен потенцијал и сензитивни сектори),

(б) јасен целен исход (потпис/ратификација, односно формално затворање/ставање во мирување ако не е реално) и
(в) реална временска рамка и клучни активности по партнер со рокови до постигнување на исходот.

62. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, во сите понатамошни активности, комуникации и евентуални преговори поврзани со ревидирање/либерализација на Договорот за слободна трговија со Република Турција, доследно да ја следи политиката за заштита на домашното земјоделско производство и да се воздржи од прифаќање решенија што би доведеле до дополнително зголемување на увозниот притисок врз чувствителните домашни земјоделски и прехранбени производи.

Во таа насока, Министерството да настапува со позиција која ќе обезбеди реципроцитет во обврските и концесиите во рамки на договорот, детално разгледување и адресирање на трговските и административните бариери за пристап на македонските производи на турскиот пазар, исклучување на можности за извозно субвенционирање и други мерки кои би ја нарушиле конкурентската позиција на домашните производители.

Министерството при постапувањето и водењето на преговорите да обезбеди континуирана координација со надлежните институции и засегнатите стопански субјекти со цел мерките и позициите да останат усогласени со потребата од заштита и развој на домашното земјоделско производство.

63. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија во соработка со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, најдоцна до 15.2.2026 година, писмено да го информира секретарот за јавни политики, координација и следење на програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија за финализираните преговори за нови правила за потекло со Република Турција (Протокол 2 / ПЕМ кумулација), постапката за потпишување/ратификација на договорените технички протоколи и за завршување на ревизијата во земјоделскиот дел, со јасно назначен носител и динамика на состаноци.

64. Се препорачува на Македонската радио-телевизија, по спроведување на постапката за јавна набавка и по склучување на договор со најповолниот понудувач, до Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија да доставува месечно писмено известување, најдоцна до 20 во месецот, за претходниот месец, за текот на реализацијата на проектот „МРТВ - прозорец кон Македонија“ по стандарден формат кој ќе содржи:

- статус по компоненти (онлајн платформа, мобилни апликации, дигитален програмски сервис),
- реализирани активности и испораки во периодот,
- следни чекори со рокови,
- оценка на постигнатите резултати во однос на планираната динамика (план/реализација) и
- ризици/застои и предложени корективни мерки.

65. Се задолжува Агенцијата за иселеништво на Република Северна Македонија, во рок од седум дена, да испрати барања за номинирање на членови во Меѓуресорската работна група за реализација на проектот „Бесплатен дигитален курс по македонски јазик“ со претставници (член и заменик-член) од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието и Педагошката служба, кои ќе имаат задолжение да го одржат првиот состанок, најдоцна до 15.2.2026 година, за да изнајдат модел/решение за креирање на неформален, асинхрон дигитален курс по македонски јазик, да обезбеди програма, стручни насоки и методичко-дидактичка рамка за неговата содржина, да изнајде начин согласно постојните законски регулативи за користење на постоечки материјали како скрипти, презентации, PDF содржини, како и поддршка за креирање на нови, снимање на видео-материјалите и поставување на платформа, како и да проектира буџетска рамка за реализација.

За статусот и постигнатите резултати да ја информира Владата два пати годишно, поднесувајќи ја првата информација, најдоцна до 15.7.2026 година, за период од 1.1.2026 -30.6.2026 година.

66. Се задолжуваат Министерството за надворешни работи и надворешна трговија и Агенцијата за иселеништво на Република Северна Македонија, најдоцна до 15.2.2026 година, да извршат неформални консултации со иселеничките организации за да се претстави иницијативата за развивање на одржлив,

асинхрон дигитален курс за изучување на македонскиот јазик во дијаспората, што ќе се користи повеќекратно во наредните години со минимални трошоци, со пристап кој ќе се темели на реупотреба на постојни институционални материјали и капацитети, со еднократно снимање на кратки видео-лекции (10–15 минути) и придружни PDF-лекции и самопроверки (Google Forms/Moodle) кои потоа ќе се хостираат на постоечка платформа и ќе се ажурираат само по потреба. Оваа иницијатива би стартувала како пилот-проект и би се реализирала преку волонтерски ангажман на професори/наставници/лектори (вклучително од дијаспората) преку јавен повик, а со 10–15 лекции за прво ниво (основна граматика и секојдневен говор) и по евалуација да се надградува со повисоки нивоа, при што наместо формален сертификат би се издавала „Потврда за следење на дигитален курс по македонски јазик“ и да го испита нивниот интерес за поддршка.

За исходот писмено да ја информира Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, најдоцна до 15.2.2026 година.

67. Се задолжува Министерство за култура и туризам, во рок од 15 дена, да го информира секретарот за јавни политики, координација и следење на програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, за можноста и планот за укинување, односно фузирање на национални установи, со цел рентабилност и намалување на трошоците.

68. Се задолжува Министерство за култура и туризам во координација со Министерство за транспорт и Град Скопје, во рок од 15 дена, да го информира секретарот за јавни политики, координација и следење на програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, за надлежноста на втората фаза на реализација на проектот „Жичница на Водно“ од Програмата за работа на Владата 2024 - 2028 година.

69. Се препорачува на Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој, во рок од 15 дена, до секретарот за јавни политики, координација и следење на програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, да достави информација за степен на реализација на објавените огласи од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2025 година и акциски план за затварање на истите.

70. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во рок од два месеци, да подготви Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за советодавен систем за земјоделството и руралниот развој.

71. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во рок од 10 дена, до секретарот за јавни политики, координација и следење на програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија да достави информација за статус на постапката за донесување на подзаконските акти кои произлегуваат од Законот за советодавен систем за земјоделството и руралниот развој.

72. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во рок од седум дена, до секретарот за јавни политики, координација и следење на програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија да достави информација за степен на реализација на активностите преземени во насока на повторно ставање во функција на софтверот обезбеден преку проект на ЕУ наменет за евиденција и регистрација на земјоделските задруги.

73. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2026 година да предвиди финансиски средства за објава на јавен повик за мерката 115 Поддршка за активен женски член во земјоделското домаќинство во вториот квартал на 2026 година.

74. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во соработка со работната група за рамноправност меѓу жените и мажите и зајакнување на жените, во рок од два месеци, да направи измена на подзаконските акти со цел поголема искористеност на финансиската поддршка предвидена за реализација на мерката 115 Поддршка за активен женски член во земјоделското домаќинство.

75. Се задолжува Минстерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во рок од седум дена, до секретарот за јавни политики, координација и следење на програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, да ја достави анализата од проектот „Спроведување на функционална анализа“.

76. Се задолжува Министерството за социјална политика, демографија и млади, во рок од 30 дена, до секретарот за јавни политики, координација и следење на програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, да достави информација за прогресот на отворање на нови детски градинки, со акциски план и временска рамка за периодот 1.1.2026 - 31.3.2026 година.

77. Се задолжува Министерството за социјална политика, демографија и млади, во рок од 30 дена, до секретарот за јавни политики, координација и следење на програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, да достави информација за прогресот на отворање на сензорни соби, со акциски план и временска рамка за периодот 1.1.2026 – 31.12.2026 година.

78. Се задолжува Министерството за социјална политика, демографија и млади, во рок од 30 дена, до секретарот за јавни политики, координација и следење на програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата, во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, да достави информација за активностите на Комисијата за спроведување на реформи за пензиско осигурување, со акциски план, временска рамка и приоритети за периодот 1.1.2026 – 31.12.2026 година.

79. Се задолжува Министерството за здравство, во рок од седум дена, да објави тендер за набавка на компјутерски томограф (КТ) за Општата болница - Струмица.

80. Се задолжува Министерството за здравство, во рок од седум дена, да објави тендер за јавна набавка на медицинска опрема за Клиниката за анестезија, реанимација и интензивно лекување (КАРИЛ).

81. Се задолжува Министерството за здравство, во рок од седум дена, да направи нарачка за изработка на проект за реновирање на УК Кардиологија –оддел за Интензивна нега.

82. Се задолжува Министерството за здравство, во рок од 10 дена, до Владата да достави Информација за потребните нови вработувања и за набавка на нова медицинска опрема за отворање Ургентен интернистички центар при Универзитетската клиника за токсикологија.

83. Се задолжува Министерството за здравство, за втората наредна седница на Владата, да достави информација за отворање на Центар за рани и гангрени при ЈЗУ Специјализирана болница за геријатриска и палијативна медицина „13 Ноември“ - Скопје.

84. Се задолжува Министерството за здравство, во рок од седум дена, да формира стручна комисија за изработка на техничка спецификација за јавна набавка на нови 100 амбулантни возила и за истото да го извести секретарот за јавни политики, координација и следење на програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

85. Се задолжува Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, до 1 март 2026 година, да изработи анализа за вкупниот број иселеници кои се лекуваат во државата со бесплатно здравствено осигурување и за истото да го извести секретарот за јавни политики, координација и следење

на програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

86. Се задолжува Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, до 1 март 2026 година, да го финализира проектот „Електонски рецепт" и за истото да го извести секретарот за јавни политики, координација и следење на програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

87. Се задолжува Министерството за здравство, до 1 април 2026 година, да донесе протокол за упатување на пациенти во Кабинет за интервентна радиологија и Протокол за упатување на пациенти во амбуланта за дојка.

88. Се задолжува Министерството за здравство, најдоцна до март 2026 година, да спроведе анализа на дефицитарни лекарски специјалности во јавните здравствени установи, со цел навремена подготовка за објавување на кофинансираните специјализации за 2026 година и за истото да го извести секретарот за јавни политики, координација и следење на програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

89. Се задолжува Министерството за здравство во соработка со Агенцијата за лекови и медицински средства - МАЛМЕД, Управата за електронско здравство и Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија да формира работна група за изработка на техничко решение, техничка спецификација и финансиска конструкција за надградба на Регистарот на лекови и медицински средства во рамките на Националниот систем за електронски евиденции во здравството, со модул за имплементација на Систем за следење на сите лекови (track and trace) и модул за имплементација на систем за следење на потрошувачка на лекови и за истото, во рок од шест месеци, да го извести секретарот за јавни политики, координација и следење на програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

90. Се задолжуваат Министерството за здравство и Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија да формираат работна група, која ќе има за цел да направи анализа во однос на Уредбата на мрежата на здравствени установи и врз основа на направената анализа да изготви и до Владата да предложи нова уредба на Мрежата на здравствени установи, најдоцна до 1 март 2026 година.

## Точка 2

Владата ја разгледа Информацијата за степен на реализација на заклучоците на Владата на Република Северна Македонија за декември 2025 година и јануари 2026 година, ја усвои и ги задолжи сите министерства кои немаат доставено информација за степенот на реализација на заклучоците, во рок од седум дена да ги достават потребните информации до Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 3

Владата се информираше со Табеларните прегледи за постапување на институции, со прилози и ги задолжи институциите од Табеларниот преглед (во прилог) да постапат по задолженијата содржани во истиот, додека за одложените/спорни материјали од седниците на Владата, доколку институциите во рок од две недели не постапат, истите ќе се сметаат за затворени.

**<u>Точка 4</u>**

По однос на оваа точка немаше предлози.

**<u>Точка 5</u>**

По однос на оваа точка немаше прашања ниту предлози.

*

*           *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 16:10 часот.